Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1303/2021

Дата: 14 -09- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Кривигаштани се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во село Пашино Рувци, Општина Кривогаштани.**
Вкупната должина на трасата на фекалната канализациона мрежа изнесува 4043 м.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y14521** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во село Пашино Рувци, Општина Кривогаштани, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. За наводнување на обработливите површини во ВП "Пелагонија" изградени се системи за наводнување и одведување. Затоа, при изработката на предметната документација да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување на обработливото земјиште и да се предвидат мерки со кои ќе се овозможи непречено функционирање на системите за наводнување и одводнување на обработливите површини и на канализациониот систем.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина за изградбата на фекалната канализациона мрежа со пречистителна станица во село Пашино Рувци, Општина Кривогаштани, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во село Пашино Рувци, Општина


Министерство за животна средина
и просторно планирање на
Република Северна Македонија

Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

Кривогаштани, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Кривогаштани, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 36298, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во село Пашино Рувци, Општина Кривогаштани, со вкупна должина на трасата од 4043 м.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во село Пашино Рувци, Општина Кривогаштани и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1303/2021 од 03.09.2021 година.

Условите за планирање на просторот **се наменети за изградба на фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во село Пашино Рувци, Општина Кривогаштани,** и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Раиф Сулејмани
Одобрил: Соња Фурнаџиска